Извештај од

# СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

јануари - јули 2023 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Наслов:
**ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ**
**За периодот јануари - јули 2023 година**

Издавач:
**Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје**

**Скопје, август 2023 година**

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ........ **4**

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ** ........ **4**

Гласањето и системот за тонско снимање ........ 5

Јавни седници на ССРСМ ........ 6

Годишни извештаи за работата на ССРСМ ........ 7

Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите за медиуми ........ 8

Отвореност кон јавноста и медиумите ........ 8

**ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ** ........ **10**

Разрешување и избор на претседател на ССРСМ ........ 10

Избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите ........ 12

Избор на судии и претседатели на судови ........ 14

Разрешување судии и претседатели на судови ........ 17

Следење на работата на судовите ........ 18

Одлучување по претставки од граѓани и од правни лица ........ 19

**ЗАКЛУЧОЦИ** ........ **20**

**ПРЕПОРАКИ** ........ **22**

# ВОВЕД



јануари - јули
2023 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Оваа активност се спроведува во рамките на програмата „Пристап до правда за сите", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021.

Извештајов е поделен на три главни дела кои се однесуваат на **транспарентноста**, **ефективноста** и **ефикасноста** на Судскиот совет.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, записници и извештаи од Судскиот совет, објави и документи објавени на веб-страницата на Судскиот совет, објави во медиуми, итн.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ



одржани
26 седници

Во наведениот временски период ССРСМ има **одржано 26 седници, од кои 4 во две продолженија**.

Временскиот период во кој се следеше работата на ССРСМ може да се подели на два дела: (1) од јануари до средината на април 2023 год. и (2) од средината на април, до крај на јули 2023 година.

Во првите неколку месеци, до средината на април 2023 година, може да се констатира континуирано и навремено објавување **соопштенија за одржувањето на седниците и објавување соопштенија за донесените одлуки и заклучоци, веднаш по завршувањето на секоја седница**. Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитувала, и записниците, кои се детални, се објавувале по нивното усвојување. **Динамиката на нивното усвојување и објавување е подобрена, за разлика од истиот период минатата година (извештаен период јануари-јули 2022 г.)**. На секоја од седниците на која се усвојувале записниците, членовите давале забелешки по одредени делови, прецизирајќи ги своите наводи што ги дале во текот на дискусиите по точките од дневниот ред, а во насока на подетално интерпретирање на дискусиите.

Во првите три месеци од 2023 година имало зголемено присуство на поранешната претседателката на ССРСМ - Весна Дамева во јавноста, преку учество на јавни настани, давање изјави и интервјуа за медиуми, учество во емисии или информирање на јавноста за 4 нејзините средби со амбасадори и претставници на меѓународни организации, и невладиниот сектор, како резултат на интензивната соработка со истите во тој период. **После 26 април 2023 година**, кога во непропишана постапка беше разрешена поранешната претседателката на ССРСМ - Весна Дамева, **може да се забележи видно прекршување на транспарентноста во работењето на ССРСМ**, па дури и постапки кои во законот се јасно наведени дека треба да се јавни и транспарентни.

Иако на секоја седница имаше големо присуство на медиуми, кои вршеа и нивно снимање, по настанот на разрешувањето на поранешната претседателка Весна Дамева и по несоодветното постапување на членовите на ССРСМ кон јавноста, **беше воведена практика седниците на ССРСМ да бидат пренесувани во живо од МИА**. Оваа практика е воспоставена поради тоа што по седницата на која беше разрешена поранешната претседателката Весна Дамева, членовите одржале седници кои претходно не беа најавени, па јавноста, поради неинформираност, немаше можност да присуствува на истите. На овие седници биле преземени повеќе дејствија, кои, согласно со законот, требало да бидат јавни, особено одлуките што биле донесени на тие седници.

Изборот на нов претседател се одржа под голем притисок од јавноста и од невладините организации. И покрај обидот на новиот претседател Сашко Георгиев да оствари непосреден и транспарентен контакт со јавноста и со невладиниот сектор, неговиот третман кон новинарите, а посебно кон камерманите, на првата седница по неговиот избор доведоа до состојба секоја седница, преку агенцијата МИА, да биде пренесувана во живо.

## ГЛАСАЊЕТО И СИСТЕМОТ ЗА ТОНСКО СНИМАЊЕ

**Во извесен период по разрешувањето на поранешната претседателка Весна Дамева повторно можеше да се забележи дека електронскиот системот за тонско снимање и гласањето не беа во функција**, за разлика од претходно, така што членовите не гласаа преку системот за гласање. Согласно со Деловникот за работа на ССРСМ, ова е редовниот начин на гласање, а доколку некој од членовите се посомнева во резултатот, можеше да побара да се гласа со кревање рака. Но, ниту од поранешниот заменик-претседател Селим Адеми, кој ги водеше седниците до изборот на новиот претседател, ниту од новиот претседател Сашко Георгиев, не се образложи зошто системот токму во тој период не беше во функција.

# ЈАВНИ СЕДНИЦИ НА ССРСМ

Што се однесува до динамиката на одржување на седниците, на месечно ниво, **нема забележителни промени во однос на претходниот извештај, но може да се констатира дека по изборот на новиот претседател Сашко Георгиев се закажуваат итни седници, кои, по својата содржина и немаат итен карактер, туку најчесто се работи за точки од дневен ред кои би требало да се разгледуваат и одлучуваат на редовни седници**. Како можна причина за тоа е недоволната внатрешна координација помеѓу претседателот и стручната служба на ССРСМ, или избегнувањето присуство на јавноста на самите седници. Една седница во текот на месецот е секогаш резервирана за одлучување по претставки на граѓаните и правните лица, што е и законска обврска.

Вообичаено за начинот на работа на членовите на Судскиот совет е одржувањето колегиуми, но во периодот по разрешувањето на поранешната претседателка, колегиумите се одржуваа почесто непосредно пред јавните седници. Посебно несоодветен начин на одржување колегиум беше по седницата на која беше разрешена поранешната претседателка Весна Дамева, кога одржувањето колегиум прерасна во седница на која Судскиот совет донесе значајни одлуки, за што беше информирана јавноста, по завршување на седниците, а што е видно од редоследот на објавувањето на соопштенијата на веб страната на Судскиот совет. Бидејќи овие колегиуми се одржуваат пред самата седница доаѓа до доцнење со отпочнувањето на јавните седници.

**Работењето на членовите на ССРСМ на седниците може да се окарактеризира како прилично динамично, со учество на сите членови во дискусиите и расправите по точките од дневниот ред, со користење на правото на реплика, аргументации, образложување, со различни толкувања за одредени состојби кои претходно биле расправани и по кои веќе биле донесени заклучоци или со допрецизирање некои постапки кои не биле доволно образложени со законот или со подзаконските акти**. Но, понекогаш доаѓа и до поинтензивни дискусии, кои, во некои случаи завршуваат и со напуштање на седницата од одредени членови. Оваа состојба беше интензивна во периодот непосредно пред разрешувањето на поранешната претседателка, како и во периодот по изборот на новиот претседател, за тензиите помеѓу членовите да опаднат по поднесувањето на оставките на двата члена од Судскиот совет од редот на судиите и по критиките од невладините организации што ги имаа упатено до него.

# ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ССРСМ

**Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2021 година, беше усвоен на 20.3.2023 година[1], без никакви забелешки, иако беше предмет на дискусија и во рамки на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и на пленарната седница на Собранието на РСМ.**

**Годишниот извештај за работа на ССРСМ за 2022 година е доставен до Собранието во законски предвидениот рок[2],** но од Собранието на РСМ сè уште не е разгледан.

Присуство на членовите, по функција, на седниците на ССРСМ

**Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на РСМ (ВСРСМ) во Судскиот совет се членови по функција, но воопшто не присуствуваат на седниците**, и покрај тоа што **новиот министер за правда - Кренар Лога покажа значителен интерес за разрешувањето на настаната состојба околу незаконското разрешување на поранешната претседателка** Весна Дамева. Тој предложи и низа мерки, но засега нема поконкретни активности од негова страна.

Иако веќе години наназад министерот за правда не присуствува на седниците, неговото учество на одделни седници би било од особено значење. Оваа практика на неприсуство се применува по критиките дадени од меѓународниот фактор дека имало вршење влијание од министерот врз работата на Судскиот совет. Но, со оглед дека министерот е член по функција, неговата кохабитација со Судскиот совет е неопходна за непречена соработка во спроведувањето на судските реформи, дотолку повеќе што во тек е подготовка на Стратегија за реформа на правосудството 2023-2027 година, а министерот за правда се јавува како предлагач на битни закони од областа на правосудството. **Претседателката на ВСРСМ своето отсуство го оправдуваше со преголема зафатеност, но во периодот кога присуствуваше на седниците,** (пред разрешувањето на претходната претседателка Весна Дамева), **даваше свој придонес во работата на Судскиот совет.** Согласно со законската регулатива, претседателката на ВРСМ нема право на глас на седниците, но сепак нејзиното присуство значи можност да се дискутира за битни прашања и размена на искуства кои ја тангираат работата на Судскиот совет и на Врховниот суд, но и на судството воопшто. Токму од таа причина е и интенцијата на законодавецот да ги поврзе овие две значајни судски институции со актуелните состојби во правосудството преку почитување на начелата на независност, непристрасност, јавност и транспарентност.

1 https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=09071688-ecc3-4dd7-88a4-6b2642967dc4

2 https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=39a30df8-b2ac-4133-a706-915071aa5a7c

# АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

Со изборот на новиот претседател Сашко Георгиев ССРСМ ангажираше и нов портпарол, новинарка со долгогодишно новинарско искуство и со следење на правосудството. Преку следењето на веб страницата на Судскиот совет може да се констатира дека и во овој период се забележува редовно објавување соопштенија за и од седниците, освен за неколкуте седници на кои дневните редови им беа објавени на денот на одржувањето на седницата, под назнака дека итно се свикани. И понатаму се објавуваат **известувања за средбите и за настаните на кои присуствувале претседателот или членовите на Судскиот совет. Исто така, новата портпаролка на ССРСМ започнува практика со организирање брифинзи за новинарите, со што се подобрува комуникацијата на Судскиот совет со јавноста.**

# ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И МЕДИУМИТЕ

Во периодов во кој е мониторирана работата на ССРСМ се забележуваат повеќе значајни случувања, па оттаму и присуството на јавноста во овој период е поголемо. Имено, од почетокот на годинава имаше многубројни интересни точки за кои се расправаше во Судскиот совет, а за кои беа заинтересирани и новинарите, па така, освен постојаното присуство на претставници од граѓанскиот сектор, **на седниците почесто имаше присуство и на новинари кои ја следеа и известуваа за работата на ССРСМ.** Посебен интерес се појави при изборот на судии во повисоките судови, по разрешувањето на поранешната претседателка Весна Дамева, за изборот на новиот претседател и за изборот на нови членови на Судскиот совет, итн.

Бидејки во извештајниов период, беше забележена зголемена присутност во медиумите и на новинарите на седниците на ССРСМ, тоа имаше значително влијание врз работата на членовите на ССРСМ. **Потребата од зголемена транспарентност, сепак, не треба да влијае или да предизвикува дистракција за членовите на ССРСМ во расправа по точките од дневниот ред**. Ова од причина што, особено при одржувањето на седниците, новинарите треба да се придржуваат до одредени етички принципи и стандарди и директно да не се вмешуваат во седницата и да поставуваат прашања, кои, согласно со закон, не треба да бидат достапни за јавноста или истите веќе и биле претходно презентирани на јавноста. Во одредени ситуации, незапознаеноста на одредени новинари со актуелното работење на ССРСМ и со неговите надлежности влијае на квалитетот и текот на одржувањето на седниците.

Турбулентниот период кој го зафати Судскиот совет беше подложен на критики од експертската јавност и невладините организации кои ја искажаа својата загриженост од несоодветниот и нетранспарентен начин на работа на членовите на Судскиот совет,

осудувајќи ги нивните постапки[3] и донесени одлуки и повикувајќи ги членовите да си поднесат оставки заради губењето на легитимитет во очите на пошироката јавност, а пред се кај правосудните органи. Барањето оставки од членовите на ССРСМ посебно го истакнуваа невладините организации[4] Иако поднесување оставка е личен чин сепак заради зачувување на кредибилитетот на ССРСМ како орган кој треба да ја штити независноста и непристрасноста на судството неопходно е нивното работење да покаже недвосмислен отпор спрема политички влијанија и коруптивни дејствувања.

3 Јордановска, Мери. Не стивнуваат реакциите за разрешувањето на Весна Дамева, дополнително се расклатува довербата во судството. Мета, 28 април 2023, достапно на: https://meta.mk/ne-stivnuvaat-reakciite-za-razreshuvanjeto-na-dameva-dopolnitelno-se-rasklatuva-doverbata-vo-sudstvoto/. Дополнително на оваа тема, види: Марковски, Христо. Не стивнуваат реакциите по разрешувањето на претседателката на Судскиот совет, Весна Дамева. 24 МК, 27 април 2023,достапно на: https://24.mk/details/ne-stivnuvaat-reakciite-po-razreshuvanjeto-na-pretsedatelkata-na-sudskiot-sovet-vesna-dameva. Димовска, Михаела. Реакции од експертската јавност по случувањата во Судскиот совет. Канал 5 ТВ, 27 април 2023, достапно на: https://kanal5.com.mk/reakcii-od-ekspertskata-javnost-za-sluchuvanjata-vo-sudskiot-sovet/a579418. Велјановска-Најдеска, Елизабета. Реакции на пратениците за разрешување на претседателката на Судскиот совет, Дамева. МИА, 27 април 2023, достапно на: Реакции на пратениците за разрешување на претседателката на Судски совет Дамева (mia.mk). Костадиноска, Паула. Реакции по разрешувањето на Дамева: Ново системско решение за избор на судии и обвинители. АЛФА ТВ, 27 април 2023, достапно на: https://alfa.mk/61585-2/. Мирчески, Владимир. Реакции за начинот на избор на нов претседател на Судски совет. VOA, 5 мај 2023, достапно на: https://mk.voanews.com/a/7080164.html

4 Блупринт група за реформи во правосудството. Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ, достапна на: http://blueprint.org.mk/%d0%b0nnouncements/. Дополнително види: Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата. Номинација на членови во Комисијата за спроведување на избори за членови на Судски совет, достапна на: https://www.antikorupcija.mk/%D0%B0%D1%80%D1%85%D0%B8%D0%B2%D0%B8/1585

# ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ССРСМ

**На 26 април 2023 година поранешната претседателка на Судскиот совет Весна Дамева беше разрешена од функцијата**. На седницата несогласувањата започнаа откако поранешниот заменик-претседател Селим Адеми побара, спротивно на Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ, по усвојување на дневниот ред, да биде вметната точка за разрешување на претседателката на Судскиот совет, која аргументирано не прифати да ја стави предложената точка на гласање. Истите кулминираа во моментот кога нејзиниот заменик Селим Адеми го превзема раководењето и претседавањето со седницата и повика на гласање за нејзино разрешување, при што уште 6 члена го поддржаа, по што тој констатира дека Дамева е разрешена и во нејзино присуство го презеде понатамошното раководење со седницата. Една од причините поради кои членовите покажаа волја да ја разрешат е нарушувањето на меѓучовечките односи во ССРСМ, а поконкретно, бидејќи поранешната претседателка Весна Дамева не го ставила навреме на дневен ред разгледувањето на писмото упатено до нив од американската амбасадорка Анџела Агелер, за што дала образложени и аргументирани причини за таа нејзина постапка. Исто така беа истакнати и други наводи кои довеле до нарушени односи, но без конкретни докази за кои претседателката инсистирала да и бидат предочени.

**Оваа постапка е преседан во досегашното работење на ССРСМ, од неговото постоење па досега**. Посебно изненадува постапувањето на одредени членови на ССРСМ кои инсистираа на внесување и расправање за точката на дневен - ред за разрешување на претседател на ССРСМ и истовремено за одлучување по истата, без притоа да се внимава на законските аспекти, дотолку повеќе што законодавецот, во Законот за Судски совет на Република Северна Македонија[5] (ЗССРСМ), не предвидел постапка за разрешување претседател на Судски совет. Одговорноста на член на Судскиот совет е предвидена во ЗССРСМ, со конкретни одредби за дисциплинска одговорност на член на Судскиот совет, со наведување на основите за поднесување барање за дисциплинска постапка за член на Советот. Меѓутоа, предвидена е и постапката за одлучување по барање за покренување дисциплинска постапка за член на ССРСМ. Но, во ниту една одредба од Законот не е предвидена постапка за разрешување претседател на Судски совет или за разрешување член на Судскиот совет по друг основ, освен кога се работи за утврдување дисциплинска одговорност. Дури ни Деловникот на ССРСМ не содржи одредби кои ја уредуваат постапката или причините за разрешување претседател на Судски совет. Недоволното регулирање на одредени законски одредби не значи и несоодветно постапување, односно дава можност за произволно толкување на постоечките одредби што и се случи. Доколку интенција на Судскиот совет била да се разреши поранешната претседателка Весна Дамева, користејќи ја аналогијата за разрешување на судија, самиот чин на

5 Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ бр.102/2019

разрешување е спорен, од причина што ЗССРСМ предвидува дека за разрешување на судија е потребно да гласаат 8 члена од присутните членови со право на глас. Во конкретниов случај гласале 7 члена вклучително и предлагачот-поранешниот заменик претседател Селим Адеми кој би требало да се изземе од гласањето, без претходна дискусија и без запазување на постапката што се применува за разрешување судија. И во досегашното работење на Судскиот совет, на јавни седници, имало несогласување помеѓу членовите околу одредени законски одредби, особено кога тие не биле јасно и концизно предвидени во закон или во подзаконски акт, но никогаш не се случило Судскиот совет да донесе одлука која не е предвидена во закон или чија постапка не е законски уредена.

Во деновите по разрешувањето на поранешната претседателка Весна Дамева членовите на Судскиот совет најдоа начин како да го „озаконат“ своето незаконско постапување повторно прекршувајќи одредби кои постојат во ЗССРСМ, а кои се однесуваат на јавноста во работењето. Преку едногласно одлучување од присутните членови за одржување на две седници, а по одржани колегиуми кои беа затворени за јавност, а на кои ја ставија вон сила претходната одлука за разрешување на поранешната претседателка Весна Дамева, се договорија повторно да покренат постапка за нејзино разрешување и на тој начин да ја решат состојба во која се најдоа, но овој пат обезбедувајќи уште два глас кои ќе гласаат за нејзино разрешување. **Поранешната претседателка Весна Дамева, по втор пат во нерегулирана постапка, беше разрешена од својата функција на 4 мај 2023 година.**

**На истата седница, на 4 мај 2023 година, беше извршен избор на претседател на Судскиот совет со 8 гласа “за“ и 4 гласа “против“.** Седницата на која беше избран новиот претседател Сашко Георгиев беше свикана од поранешниот заменик претседател на ССРСМ, Селим Адеми, на невообичаен начин, вон работно време на ССРСМ, петнаесетина минути пред почетокот на седницата, што претставува директно непочитување на законските одредби коишто се однесуваат на јавноста во работата на ССРСМ. Согласно со одредбите од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија (член 39), седниците се јавни, а јавноста може да биде исклучена само со одлука на ССРСМ која треба да биде донесена на јавна седница, заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста Судскиот совет одлучува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број членови на ССРСМ со право на глас. Во случај кога Судскиот совет одлучил за исклучување на јавноста, претседателот на ССРСМ е должен да ја извести јавноста за причините за исклучувањето и во случај ако на седницата донесува одлука со гласање, гласањето на одлуката да е јавно. Согласно со член 38 од ЗССРСМ и член 11 од Деловникот на ССРСМ, денот на одржување на седница на Судскиот совет се објавува на веб страницата на ССРСМ веднаш по закажувањето на седницата, истовремено со доставувањето на поканата до членовите на ССРСМ. Поканата се доставува најмалку 7 дена пред денот на одржување на седницата, но постои можност, поради итни и неодложни работи, седницата да се закаже и во пократок рок.

Меѓутоа, за двете седници, затворени за јавност, медиумите и јавноста дознаа така што на седницата на која се избра новиот претседател еден од членовите на ССРСМ ја сподели таа информација. Мора да се напомене дека соопштенијата од овие затворени седници, на веб страната беа објавени откако заврши јавната седница на која беше избран претседателот на ССРСМ и по бурните реакции на јавноста присутна на седницата за „тајното работење на членови на ССРСМ“.[6]

6 Повеќе за транспарентност во глава “транспарентост“ од овој извештај (стр.3).

# ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

Изборот на новиот претседател на ССРСМ не успеа да ја подобри состојбата во Советот од причини што **на 8 јуни 2023 година два члена на ССРСМ поднесоа неотповикливи оставки. Причините за оставките на членовите судијката Мирјана Радевска Стефкова од ВСРСМ, и судијата на Апелацискиот суд Скопје Зоран Герасимовски ги образложија, освен по писмен пат, и на седница во присуство на јавноста, истакнувајќи дека ваква одлука донеле поради несогласувањата во однос на начинот на работата и одлучувањето на Судскиот совет**.

По констатирањето на оставките се донесе одлука да се распишат огласи за избор на нови членови. **По поднесените оставки на двата члена на Судскиот совет од редот на судиите, беше започната постапка за избор на нови членови од редот на судиите**, и тоа еден член од Врховниот суд и еден член од Апелациското подрачје Скопје со управните судови.

Во однос на кандидатурите може да се констатира дека **за изборното подрачје Врховен суд беше пријавен само еден кандидат, судијата Наќе Георгиев, а за изборното Апелациско подрачје Скопје и управните судови беше утврден само кандидатот Антоанета Димовска, судија на Основен граѓански суд.** Со оглед дека **имаше приговор од судијата Лазар Нанев, претседател на Основен суд Кавадарци, кој поднел пријава, но истата не му била прифатена од Комисијата за подготовка на кандидатски листи по огласот за избор на членови на Советот**, при утврдувањето на кандидатурите на пријавените судии-кандидати, Судскиот совет расправаше за документите што треба да ги достави секој кандидат кој конкурира по објавен оглас за избор за член на Судски совет, што е наведено и во самиот оглас, а е во согласност со Законот за ССРСМ.

Имено, кандидатот Лазар Нанев во предвидениот рок немал доставено оригинални документи за стажот, како и потврда за поминати часови обука во Академијата за судии и јавни обвинители, туку копии. Кон приговорот што го доставил тој доставил и оригинални докази, со образложение и е-маил комуникација за причините за доставување копии при поднесувањето на документите. На одржаната седница може да се забележи неконзистентно постапување на членовите на ССРСМ, кога е во прашање нивниот „формализам" околу прифаќањето на условите за исполнување на таксативно наброените документи потребни за кандидатура за член на ССРСМ, бидејќи пред неколку месеци Судскиот совет прифатил кандидати кои немале доставено оригинали документи.

Имено, дел од членовите останале на ставот дека и покрај тоа што во закон е наведено кои документи треба да ги достави кандидатот, сепак тоа не било неопходно, бидејќи Судскиот совет имал податоци за секој судија по однос на стажот, кои на комисијата и се познати, и кои се составен дел на досиејата на секој судија, па затоа и не треба да се бараат да бидат доставени. Од друга страна, дел од членовите сметаат дека и покрај тоа што Судскиот совет е запознаен со податоците што се бара да бидат доставени при аплицирање на конкретен оглас, сепак секој кандидат е должен тоа да го стори, бидејќи се работи за законска обврска.

**По усвојувањето на приговорот од судијата Лазар Нанев со мнозинство гласови се утврдија кандидатските листи, па за Апелациското подрачје Скопје и управните судови кандидати за членови на ССРСМ беа Антоанета Димовска и Лазар Нанев.**

По однос на кандидатот - судијата Наќе Георгиев, во медиумите беа пласирани повеќе информации што се однесуваа на иницираната постапка од ССРСМ за негово нестручно и несовесно работење, како и постапката пред обвинителството за коруптивни дејства во текот на вршењето на функцијата судија во основен суд Струмица и во Апелациски суд Штип. Кандидатурата на Наќе Георгиев со посебен интерес беше следена од јавноста и од медиумите, а една од причините беше тоа што по објавувањето на кандидатската листа, на веб страната на ССРСМ, каде Наќе Георгиев беше номиниран, до конечното усвојување на листата, се одржа седница на ССРСМ на која една од точките на дневен ред беше и разгледувањето на извештајот за констатираната состојба. Со оглед дека ова разгледување и одлучување за вакви точки е затворено за јавноста, во медиумите се пласираше информација дека токму таа точка од дневниот ред се однесувала на запирањето на постапката за одговорност за судијата Наќе Георгиев пред ССРСМ, а кој е единствен кандидат од Врховниот суд за член на ССРСМ.

**По одржаните избори, на 13 јули 2023 година, беа избрани два нови члена на Судскиот совет од редовите на судиите и тоа Наќе Георгиев,** судија од изборното подрачје Врховен суд на РСМ, и **Антоанета Димовска,** судија на Основен граѓански суд Скопје, претставник од Апелациското подрачје Скопје и управните судови. Постапката за избор беше спроведена согласно со законските одредби, вклучително почитувајќи ја и одредбата за објавување на резултатите од изборот, што беше јавно сторено со пренос во живо од МИА. Но сепак, мора да се констатира дека овие избори беа од особено медиумско значење, поради фактот дека **кандидатот Наќе Георгиев беше избран само со 6 гласа од вкупно 16 гласови од ВСРСМ**. Имено, од извештајот на Комисијата за спроведување на изборите, во судскиот изборен именик биле запишани 16 судии кои имале право на глас, од кои 6 судии гласале со заокружување на кандидатот, 3 судии не гласале воопшто, а 7 избирачки ливчиња биле неважечки. Напоменуваме дека на изборното ливче нема опција да се гласа со "за" или "против". Во Законот за ССРСМ нема одредби со кои се регулира цензусот во однос на бројот на судии кои ќе гласаат, како и потребниот број гласови за да се смета кандидатот за избран. Но, немањето поддршка од колегите го наметнува и прашањето за легитимното претставување што овој кандидат треба да го има како член на ССРСМ.

**На 25.7.2023 година новоизбраните членови требаше, по поднесување на заклетвата во Собранието на РСМ, да ја имаат и својата прва седница**. Но, **членот на ССРСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ Наќе Георгиев поднесе оставка**, односно се повлече од функцијата член на Судскиот совет пред почетокот на седницата. **Причина за тоа му беше изборот на неговиот син за судија во основен суд од кандидатите од АСЈО**, којшто истиот ден беше ставен како точка на дневниот ред. Законот за судовите е многу јасен во определувањето на условите за тоа кој не може да биде избран за судија, па така, во член 43, став 4 се вели дека: „за судија или за судија - поротник не може да биде избрано лице кое со член на Судскиот совет на Република Македонија е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен, или е негов брачен другар".

Со оглед на фактот дека синот на судијата Наќе Георгиев е дипломиран слушател на АСЈО, а тие дипломци, според законот, мора да бидат избрани за судии во основните судови, неопходно беше Наќе Георгиев да си поднесе оставка и истата да биде констатирана за да се избегне сторување кривично дело од страна на ССРСМ.

## ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во извештајниов период по подолго време се изврши избор на судии во повисок суд. Седницата на која се изврши избор, односно унапредување на судиите во Врховниот суд на РСМ и Апелацискиот суд Гостивар беше од голем интерес за јавноста и медиумите, бидејќи **по подолг временски период се избраа, односно се унапредија судии врз основа на новиот начин на оценување на судиите, предвидено со ЗССРСМ од 2019 година.** Големи беа очекувањата од Судскиот совет за унапредувањата на судиите, но може да се констатира дека очекувањата не беа исполнети до крај.

Имено, на седницата за избор на судии во повисок суд, одржана на 29.3.2023 година, пред сè беше презентирана целата постапка за избор, со посебно нагласување на важноста дека **по повеќе од 2 години се заврши постапката за избор на судии во Врховниот суд на РСМ и Апелацискиот суд Гостивар. Беше нагласено дека ова доцнење има објективни причини, пред сè податокот дека се чекаше да се донесат сите правилници и методологии**[7] **коишто беа неопходни за спроведување на оценувањето, а коешто е услов за унапредување на судиите во повисок суд.** Таа постапка, согласно со предвидените одредби, сама по себе е долготрајна и сложена и бара доста време за спроведување.

На огласот за избор на судии во ВСРСМ биле пријавени по пет кандидати за кривичната и граѓанската област. На седницата за секој кандидат поединечно биле реферирани бодовите што ги добиле, како за квалитативно, така и за квантитативното оценување по секој критериум наведен во законот. Врз основа на бодовите добиени од целата постапка за оценување, била направена ранг листа по која се гласало, почнувајќи со кандидатот кој бил прв на ранг листата со најголем број бодови. Согласно со законот, **за избран се смета оној судијата кој ќе добие 8 гласа од членовите на ССРСМ со право на глас. Кога ќе се изгласаат доволен број кандидати барани во огласот, се прекинува со понатамошното гласање и не се дава можност да се гласа за останатите кандидати и да се исцрпи целата ранг-листа.**

Оваа практика е присутна во ССРСМ и пред донесувањето на новиот закон и истата беше подложна на критики поради тоа што на останатите кандидати од ранг-листата не им се дава можност да бидат гласани. При ваквото постапување се поставува прашањето дали и некој друг кандидат од ранг-листата може да добие ист, па дури и поголем број гласови од членовите на ССРСМ.

7 Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители, Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Методологија за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиско работење и Образец за оценување и бодување на исполнетоста на квалитативните критериуми за работата на судијата, Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите и Образец за квалитативно оценување на претседателите на судовите, Упатство за начинот на пресметување на ефективни работни часови, Методологија со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите, Правилник за начинот на формирање комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, Правилник за формирање и работење на Комисиите на ССРСМ за редовно и вонредно оценување, достапни на веб страницата на Судски совет на РСМ.

**На седницата беа избрани кандидатите за судии во ВСРСМ, за граѓанска област, кои беа највисоко котирани на ранг листата**, односно кои беа со највисок број бодови и тоа Анита Бошковска и Катерина Георгиевска, судии на Апелациски суд Скопје.

На истата седница имаше и поинаква состојба, поточно **ССРСМ не изврши избор за судии за ВСРСМ во кривичната област и покрај тоа што беше целосно спроведена постапката за оценување и што беше оформена ранг-листата со бодови на кандидатите, без притоа членовите кои гласаа против да дадат појаснување зошто не гласаат за предложените кандидати со постигнати максимален број бодови.** Неразбирливо е од кои причини не се гласало за одреден кандидат за судија во повисок суд, притоа имајќи ја предвид несомнената потреба за судии во тој суд, за што е објавен оглас. Потоа е спроведена целосна постапка за оценување, која, како што веќе беше споменато е сложена и долготрајна, беа спроведени тестирања и интервјуа со кандидатите, и на крај, без ниту еден збор, мнозинството членови не избира судии - кривичари во ВСРСМ.

Се поставува прашањето која е оправданоста за ваквото однесување на членовите на ССРСМ? Не е јасно дали постојат причини кои на јавноста не и се познати, а со кои ССРСМ е запознаен, па можеби поради тоа не се избраа кандидатите за судии, или има други причини, но ССРСМ не се одважува да ја информира јавноста, а пред сè судиите за ваквото свое постапување?!

**Изборот на судии во Апелацискиот суд Гостивар имаше поинаков тек. Од ранг листата, изработена согласно со целата постапка предвидена за унапредување на судии не беа избрани прворангираните, туку беа изгласани петто и шесто рангираните судии.** Александар Милошевски, судија на Основен кривичен суд Скопје и Даут Рустеми, судија на ОС Гостивар беа избрани за судии на АС Гостивар.

Може да се констатира дека членовите на ССРСМ имаат право да гласаат за оној кандидат за кој сметаат дека најдобро ќе ја извршува судиската функција во повисок суд. Но, од друга страна, се заобиколува и се доведува во прашање суштината на целата постапка за оценување. Имено, станува збор за сеопфатно оценување при кое кандидатите за судии се оценуваат според строго дефинирани индикатори и добиваат конкретни оцени. Цел на ваквото оценување е да се избегне субјективниот елемент на оценувањето од членовите на ССРСМ, да се обезбеди целосна примена на мерит-системот, како и оценувањето на квалитетот на работата на судиите да го вршат нивни колеги од повисок суд и на тој начин да се гарантира независен и непристрасен избор на судии во повисок суд.

Несомнено е дека членовите на ССРСМ имаат право да избираат судии од ранг -листата, односно да не извршат избор, но тоа ја поткопува довербата на судиите во независноста на ССРСМ и ги обесхрабрува да се пријавуваат на огласи, да дадат сè од себе за да остварат одлични оценки и потоа, без образложение од членовите на ССРСМ, едноставно да не бидат изгласани. Се поставува прашање дали ова не е еден од начините ССРСМ да издејствува кандидати кои се „пожелни" да бидат унапредени во повисоките судови? Причина повеќе е што нема предвидено конкретна одговорност за членовите, кога нема да си ја извршат основната надлежност, а тоа е изборот и унапредувањето на судиите. **Ваквото неодговорно постапување на ССРСМ влијае на довербата на граѓаните, го доведува во прашање пристапот до правда, а уште поважно, ги остава повисоките судови без доволен капацитет навремено да ја извршуваат својата функција.**

**Согласно со закон, членовите на ССРСМ имаат обврска да дадат образложение само за кандидатите кои ги избрале за судии, односно ги унапредиле**. Нивните образложенија се состојат од повторување на наводите кои ги дава претседателот на Комисијата што е задолжена за сумирање на оценките и за изготвувањето на ранг-листата. Во случај ако некој од членовите го познава конкретниот судија, бидејќи доаѓа од тој суд или од тоа апелациско подрачје, тогаш се посочуваат и други квалитети, како што се интегритет, морални и етички вредности, совесност и професионалност, но само како општи флоскули.

**При изборот на прворангираниот кандидат посебно се потенцираат високите бодови што ги има добиено при оценувањето**. Тоа за членовите на ССРСМ е показател за квалитетен кандидат, докажан во извршување на својата функција. **Но, кога се избира кандидат кој не е међу прворангираните, тогаш се посочуваат други атрибути** кои веќе погоре во текстов беа посочени, па дури се споменува и дека против тој кандидат нема поднесено претставки од страна на граѓаните или на правните лица.

Доколку некој кандидат не биде избран едногласно, судиите кои не гласале за него најчесто се оградуваат од коментари или само се изјаснуваат дека сметат дека не треба да биде избран, без навлегување во детали и изнесување конкретни причини.

Покрај унапредувањето на судиите во повисоки судови, во овој шестмесечен период, избрани беа ВД претседатели на Апелационен суд Скопје, Основен суд Прилеп, Основен суд Берово и претседател на Основен суд Тетово.

**Алармантна е состојбата со изборот на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители.** Имено, ССРСМ објави оглас за избор на судии во основите судови и тоа пред сè за помалите судови. Цел на оваа одлука на Судскиот совет беше да се пополнат местата таму каде што најмногу недостасуваат судии и каде со години никој не се јавува на огласите. Од тие причини **ССРСМ одлучи прво да се објават огласи во помалите судови за да ги мотивираат кандидатите од АСЈО да се пријават на овие огласи**, додека огласите за поголемите судови, за кои беше извесно дека ќе има голем интерес, ги оставија за подоцна. По завршувањето на рокот за пријавување во помалите судови, **поради немањето интерес од кандидатите од АСЈО, повторно се објави нов оглас, но овој пат за пополнување на судиски места и во поголемите судови.**

**Загрижувачки е податокот дека и на двата огласи за помалите судови немало заинтересирани кандидати**. Најголем интерес има за Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје, основните судови во Битола, Тетово, Струмица и Свети Николе. Кандидати за помалите основни судови нема, па дури ни за Основниот суд во Прилеп, кој не е мал суд, и во кој во моментов работат само 4 судии.

**Другиот проблем е поврзан со изборот на судиите и немањето акредитирана агенција што го врши психолошкиот тест и тестот за интегритет кој е дел од процесот за избор за судии.** Од Институтот за акредитација ССРСМ добил известување дека во РСМ не постои акредитирана институција согласно закон, а договорите со досегашната фирма Виста Груп и Институтот за политички и социолошки истражувања, кои ги вршеле овие тестирања се истечени. И покрај неколкуте обиди, преку Владата на РСМ и Министерството за правда, да се укаже на проблемот дека без акредитирана фирма не може да се врши избор за судии, и по повеќемесечната преписка, Владата, на седница, донела заклучок да му препорача на ССРСМ да продолжи да работи со

досегашната фирма, сè до акредитирање нови фирми кои ќе можат да ја обавуваат оваа дејност. По подолга расправија помеѓу членовите на ССРСМ околу ова прашање во насока дали да го закочат изборот на судиите до акредитирање на нова фирма или да работат „против законот“ по препорака од Владата, членовите го усвоија предлогот да се продолжи со соработка преку склучување на анекс со досегашната фирма која ги вршела овие услуги. Основна цел на ваквата одлука е да не се закочи процесот за избор на судии, и тоа не само на новите кандидати за судии во основните судови, туку и за судиите кои треба да се унапредат во повисок суд. По повод оваа одлука, член на ССРСМ има издвоено мислење објавено на веб страната на ССРСМ.[8]

**На 25 јули 2023 година бил извршен избор за судии во основните судови** и тоа за Основен суд Битола, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струмица и Основен суд Тетово. Изборот бил направен врз основа на оглас објавен на 6.4.2023 година,[9] и избор на судии на Основен суд Битола, Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Струмица, по оглас објавен на 30.5.2023 година.[10] Судскиот совет, по целосното завршување на постапката предвидена во законот и во подзаконските акти, утврдил ранг-листа со кандидати за судии за секој суд поединечно. Кандидатите биле рангирани согласно со добиените бодови од АСЈО и бодовите врз основа на извршеното интервју што го спровеле членовите на Комисија од ССРСМ. Било истакнато дека бодовите од ранг-листата на кандидати од АСЈО и конечната ранг-листа на ССРСМ не се разликувале во голема мера, што значи дека кандидатите го докажале својот успех и пред Комисијата што го спроведувала интервјуто.

**Од вкупно 32 кандидати за судии од АСЈО, биле избрани 25 судии**. За останатите кандидати бил распишан нов оглас во оние судови во коишто имало неопходна потреба, од нови судии за што погоре веќе беше образложено.

## РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

**Во периодот до јуни 2023 година Судскиот совет констатирал престанок на судиската функција поради старосна пензија на 29 судии, на еден судија му престанала функцијата поради смрт, а на еден судија му престанала функцијата по сопствено барање**, со што се зголемил недостатокот на судии во основните и во апелациските судови. За овој огромен проблем што се појавил во судството ССРСМ повеќепати разговарал на седници со цел изнаоѓање решение за премостување на недостатокот од судии во сите судови во државава, но, освен пополнувањето на празните места преку изборот на кандидатите од АСЈО и преку делегирање од еден во друг суд, засега нема друг начин да се реши овој проблем, а тој влијае не само на ажурноста на судовите, туку и на обезбедувањето пристап до правда на граѓаните.

8 Издвоено мислење на член на Судскиот совет на РСМ, Весна Дамева, јуни 2023, достапно на: http://sud.mk/wps/wcm/connect/ssrm/624d50b2-2f63-453d-a4f4-8ba5d31da6dc/%D0%98%D0%B7%D0%B4%D0%B2%D0%BE%D0%B5%D0%BD%D0%BE+%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B5%D1%9A%D0%B5.pdf?MOD=AJPERES&CVID=

9 Службен весник на РСМ бр.73/2023

10 Службен весник на РСМ бр.112/2023;

# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите ССРСМ ја остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи, но и преку посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2023 година.

**Од кварталните извештаи за работата на судовите може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови, а како причини за таа состојба се наведуваат намалениот број судии, недоволниот број судска администрација, како и зголемениот број предмети.**

Вообичаена практика е, по извршените посети на судовите, членовите на комисијата што ја извршила посетата, на седница да го презентираат извештајот од посетата, со истакнување на позначајните наоди до кои дошле и со предлагање заклучоци за понатамошно постапување, доколку биле утврдени недостатоци во работењето на судовите или на некои судии или претседатели на судови. Доколку се јави потреба од вонредна посета на некој суд, а причините за тоа се судски предмети од интерес за јавноста или претставки од граѓани или правни лица за одредени несоодветни состојби во судот, во тие случаи се донесува посебен заклучок во кој се наведуваат причините за одредена вонредна посета на конкретен суд. Така, **во текот на овој извештаен период беа извршени повеќе посети на судови, а на седница беа презентирани извештаите од тие посети.** Оваа позитивна практика беше воспоставена од поранешната претседателка Весна Дамева.

**Карактеристични се извештаите за тоа кога се оди во вонредна посета, бидејќи овие посети се прават заради состојби, односно заради предмети кои се од голем интерес за јавноста. Такви се извештаите од посетата**[11] **на Основен суд Куманово, Основен суд Кавадарци, Основен суд Велес, Основен суд Штип и Основен суд Тетово.** Имено, **во овие извештаи се констатирани повеќе проблеми** кои се однесуваат на распределбата на предметите преку АКМИС-от, потоа за изземањето на судиите, за доставата на писмената, за ненавремената изработка на одлуките, па дури и за нарушените меѓучовечки односи. За сите овие состојби **членовите на ССРСМ, во извештаите, предлагаат заклучоци и потребни чекори за санирање на констатираните состојби и наоди**. Потребно е да се следи и реализацијата на овие заклучоци, особено затоа што заклучоците што беа усвоени од извештајот за посетата на Апелацискиот суд Скопје, минатата година, сè уште не се реализирани, а се однесуваат на покренувањето постапки за одговорност на судии кои подолг временски период не решавале по предметите кои беа од голем интерес за јавноста и кои доведоа до застарување на истите, што беше презентирано во јавноста и како една од причините за разрешувањето на поранешната претседателка Весна Дамева.

Во некои од извештаите не се целосно испитани состојбите од кои причини била донесена одлука за вонредна посета на конкретниот суд. Таков е примерот со Основниот суд Кавадарци, но, има и други примери, како посетата на Основниот

11 Извештаи од извршени посети на судови од страна на Судскиот совет на РСМ, достапни на: http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti/!ut/p/z1/pVTLUqNAFP0VXbBsupt-zy7lmMSMTmJFRukNhaQhlAIpIKHKr7dxHo5JJEnZG7jNfZxz7-VADR-gLqJNlkZNVhbRs7UDzUM-ohTJH-h6hKcSDfypz9V46M1GAt73Ofg-gfr_z3LyXdnPlAxvZ3eYCgp_QQ11XDSrZgmDutyYJsyfHFSvFw5albFpishBG1M3mYMkl9FCKQq

суд Велес при која е извршена и проверка на работењето на неименуван судија за кој имало повеќе претставки, а е утврдена и причината за покренување одговорност на истиот судија за нестручно и несовесно работење која подоцна резултирала и со разрешување. Го подвлекуваме и тоа дека во извештајот за Основен суд Тетово имаше утврдени пропусти кај постапките за изземање, кои се во надлежност на претседателот на судот, а подоцна, без да се посочи дали истите се отстранети бил извршен избор на истиот тој претседател на Основен суд Тетово.

## ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица, кои се поднесуваат до ССРСМ, а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

**Во првата половина од 2023 година биле разгледани околу 256 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.**

**Најголем број претставки Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица, бараат преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата.** Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот е по жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето и **нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, при што не наоѓа основи за постапување по поднесените претставки.**

Исто така, може да се забележи и отфрлање на претставките, а како основна причина за отфрлањето се наведува немањето нови факти во однос на поднесената претставка, потоа фактот дека претставката е веќе разгледувана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што истата не ги содржи сите податоци што се неопходни да биде разгледана.

**Во овој период се забележува и зголемениот број основани претставки, што е за пофалба.** Ова значи дека претставките се со повеќе докази од кои во текот на испитувањето членовите на ССРСМ можат да утврдат индиции за несовесно или нестручно работење на некој судија. Од значење за овие претставки е тоа што, кога се работи за претставка во која судијата ги пречекорил роковите за постапување или за објавување на одлуката или за изработување на одлуката, членовите на ССРСМ тоа го констатираат. Една од причините за ваквото постапување е што ваквиот однос спаѓа во критериумите за оценување на судиите, согласно со Методологијата за оценување на судиите. Со ова, во случаите кога основите кои се презентирани во претставките не се доволни за покренување постапка за одговорност на предметниот судија, основаните претставки ќе бидат дел од оценката за судијата.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Во периодот од јануари до јули 2023 година Судскиот совет поминал низ неколку предизвици, при што се покажале слабостите не само во решенијата предвидени во ЗССРСМ, туку и во работењето на членовите поединечно. Иако изминатиот период го одбележа неправилната постапка за разрешување на поранешната претседателка на Судскиот совет Весна Дамева, одредени отворени прашања и недоследности беа забележани и во останата работа од надлежност на Судскиот совет, а сето тоа влијаеше и на параметрите за следењето на неговата работа.

Разрешувањето на поранешната претседателка и оставките на двајцата членови од Судскиот совет укажуваат на неправилности, но и на влошени меѓучовечки односи. Има потреба за измени на ЗССРСМ во однос на регулирањето на постапките за разрешување претседател и за утврдувањето одговорност на членовите на Советот и на претседателот. Воедно, со внимание треба да се цени оправданоста и правилноста во користењето аналогија за прашања и постапки кои не се регулирани со закон, како и на нејзина доследна примена.

Судскиот совет треба целосно да ги почитува стандардите за транспарентно работење. Иако во изминативе години Судскиот совет бележи добри резултати во однос на транспрентноста во работењето, сепак, во овој период се воспоставија практики кои се косат со ваквото начело. Работењето преку колегиуми на кои се донесуваат одлуки и кои се закажани непосредно пред седница, закажувањето итни седици кои по својата содржина не содржат ништо итно, закажувањето седница за избор на претседател вон работно време, одржувањето седници кои не се претходно најавени, нефункционирањето на електронскиот системот за тонско снимање и за гласање во периодот на разрешување на поранешната претседателка, сето ова е дел од практиките кои негативно влијаеа на транспарентност на работењето на Судскиот совет и на неговиот углед во јавноста. Исто така, остануваат отворени прашањата зошто е тоа така, дали причината е во недоволната внатрешна координација или во избегнувањето на присуството на јавноста на самите седници?

Судскиот совет редовно ја вршел својата работа во однос на постапувањето по претставките, изборот на судиите, посетата на судовите, но не подготвил анализа дали временскиот период посветен на случувањата околу разрешувањето на поранешната претседателка и изборот на новиот претседател влијаеле врз работењето на Судскиот совет во однос на оваа надлежност.

Неколку теми остануваат отворени во однос на ефективноста и ефикасноста, но и за угледот и довербата помеѓу судиите и јавноста, како и за неконзистентното постапување на членовите на ССРСМ при доследната примена и во сите случаи на условите во врска со таксативно наброените документи потребни за кандидатура за член на ССРСМ.

Потребно е понатамошно прецизирање и осврнување на конкретните состојби во извештаите, бидејќи некои од извештаите за вонредните посети на судовите не содржат информации дали се целосно испитани состојбите кои биле причина за посетата. Од тие причини не можеле да бидат донесени соодветни заклучоци и предлози за надминување на состојбите што влијаеле на ефективноста и ефикасноста во работењето на ССРСМ и на судовите.

Позитивно е утврдувањето поголем број претставки од граѓаните како основани, бидејќи Судскиот совет истите може да ги земе предвид при утврдувањето индиции за несовесното и нестручното работење на некој судија.

Судскиот совет сѐ уште доследно не ги применува новите правилници и резултатите од оценувањето во постапката за избор на судии во повисок суд, по кои почна да работи во 2023 година, а со цел да биде запазен мерит - системот. Имено, од ранг-листата, изработена согласно со постапката предвидена за унапредување судии, не се избираат прворангираните, туку петто и шесто рангираните судии (каков што е случајот во Апелацискиот суд Гостивар), односно без образложение воопшто не се избираат судии (како што е случај со не изборот на кривични судии во ВРСРМ). Иако оваа можност ја дава ЗССРСМ, токму поради критиките, потребно е да се спроведе целосна постапка за оценување, со цел да се запази мерит - системот. Ова ја поткопува довербата на судиите во независноста на ССРСМ, ги обесхрабрува судиите во намерата да остварат одлични оценки и да се пријават на огласи, а судовите ги принудува да судат со намален број судии. Сето ова влијае на ефикасноста, ефективност на работењето на судовите и доведува до несоодветен пристап до правда за граѓаните.

Како отворено прашање, при изборот на судии, и понатаму останува прекинувањето со понатамошно гласање откако ќе се изберат доволен број кандидати според огласот, при што на останатите кандидати од ранг-листата не им се дава можност да бидат гласани и да остварат поголем број гласови. Немањето кандидати на огласите за помалите судови, кое се провлекува подолг период, влијае на работата на овие судови и претставува прашање кое треба да се има предвид при донесувањето стратешки документи и законски измени.

Довербата во Судскиот совет, која очигледно е на пониско ниво, треба да се зголеми и помеѓу самите судии, за што показател е малата заинтересираност на судиите да се кандидираат за членови на Судскиот совет. Немањето цензус во однос на бројот на судии што ќе гласаат, како и потребниот број гласови за еден кандидат да се смета за избран за член на ССРСМ, ги доведува во прашање легитимното претставување на судиите и довербата во судството.

Наведениве состојби ја доведуваат не само во прашање транспарентноста, ефективноста и ефикасноста во работењето на Судскиот совет, туку и угледот на Судскиот совет како институција и извршувањето на редовните надлежности, грижата за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството.

# ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ и објавите во медиуми, може да се дадат следниве препораки:

Потребни се законски измени во насока на регулирање на постапката за одговорност на членовите и претседателот на ССРСМ.

Неопходно е дополнување на Законот за Судски совет на Република Северна Македонија со одредби кои ќе ја уредат постапката за разрешување претседател на ССРСМ, со цел да не се повтори претходната практика на разрешувањето врз основа на непостоечки одредби.

Потребни се измени во Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, со цел утврдување ценз, односно излезност на судиите при избор на членови на ССРСМ, како и утврдување мнозинство со кое кандидатот/ката се смета за избран/а.

Членовите на Судскиот совет треба доследно да ги применуваат одредбите од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија при избор на судии и/или претседатели на судови, особено кога целата постапка е спроведена, а одредени членови на ССРСМ да аргументираат од кои причини не гласале за ниту еден кандидат.

Судскиот совет во наредниот период да ги насочи своите капацитети кон зголемување на довербата на граѓаните во судството преку проактивна улога и преземање мерки за намалување на перцепцијата за постоење корупција во судството, со зголемена соработка со сите институции кои работат на ова поле и со почесто обраќање кон општата јавност.

Судскиот совет треба доследно да ги применува резултатите од оценувањето и ранг - листата при избор на судии во повисоките судови.

Судскиот совет треба да работи на зголемување на довербата кај судиите преку доследна примена на законските одредби.

ihr.org.mk